**ПИСМО ОД СЛАВИСТОТ ВИКТОР ФРИДМАН ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД ЏОРЏ БУШ**

# Македонија ги исполнува американските услови за признавање

**● Признавањето на Македонија од страна на САД би одиграло голема улога во зачувувањето на мирот и би го спречило ширењето на војната, се вели, меѓу другото, во писмото на Фридман до претседателот Буш**

Министерството на наука на Република Македонија неодамна се обрати до странските амбасадори и до научните работници ширум светот со цел тие да се заложат за признавањето на Република Македонија. Писмото наиде на голем одзив за што сведочат и многубројните одговори што секојдневно пристигнуваат во Министерството. Едно од нив е и писмото на професор Виктор Фридман упатено до претседателот на САД, Џорџ Буш.

Писмото го објавуваме во целост.

**УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СЕВЕРНА КАРОЛИНА ВО ЧЕПЛХИЛ**
**Катедрата за Словенски јазици** — **8 Мај,1992**
**Претседател Џорџ Буш**
**Бела куќа**
**Авенија Пенсилванија1600**
**Вашингтон**

**Драги господине Претседателе,**

*Ви пишувам за да Ве замолам да ја признаете Република Македонија, поранешна Социјалистичка Република Македонија во Југославија. Ви пишувам како граѓанин и како Шеф на катедрата за словенски јазици на Универзитетот во Северна Каролина. Иако ставовите што ги изразувам во ова писмо се мои сопствени, нив ги делат мнозинството научници од моето поле на истражувања, и што е уште поважно тие потекнуваат од мојата дваесетгодишна професионална активност како стручњак за балканска лингвистика со потесна специјалност за македонскиот и други јазици што се зборуваат во Македонија.*

*За разлика од многуте кои Ви пишуваат во последно време (и во подалечното минато) за ова прашање, јас не сум врзан за овој регион со крвни врски или брак, но јас сепак зборувам релевантни јазици и сум минал многу години проучувајќи ги објавените извори и истражувајќи во самата земја. Така, јас сум блиску запознаен со ситуацијата во Македонија и со чувствата на самите Македонци без да бидам лично поврзан со проблемот.*

*Македонија ги исполнува сите барања на Стејт Департментот за признавање: Нејзиниот Устав се базира на индивидуалните права на граѓаните, Владата има контрола над нејзината територија и тн. За време на југословенската војна, Македонија остана таканаречена оаза на мирот. Но овој мир е кревок и е во опасност. Националностите во Македонија (Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и други) очајнички се борат да продолжат со нормален живот додека светот околу нив се распаѓа во насилство и хаос. И покрај тврдењата на спротивното, грчката Влада има историја во која брутално биле задушувани припадниците на овие етнички групи, кои живееле на нејзините територии. Сегашните одбивања на Грција да ја признае Република Македонија се само димна завеса зад која лежи вистинската намера на Грција. Сега кога малиот дел од Македонија, во кој на неговите разни етнички групи им беше дозволено да ја развиваат својата индивидуалност, е незаштитен и се ниша на работ од војната, грчката влада бара начин да ја заврши работата на која таа работи уште пред Балканските војни во 1912-19, имено елиминирањето на македонскиот национален идентитет. Македонците, меѓутоа, нема да се откажат од својот идентитет без борба. Моменталното признавање на независноста на Македонија од*



THE UNIVERSITY OF NORTH CAROLINA
AT
CHAPEL HILL

May 8, 1992

President George Bush
The White House
1600 Pennsylvania Avenue
Washington, D.C.

Dear Mr. President:

I am writing to urge that you recognize the Republic of Macedonia, formerly the Socialist
Republic of Macedonia of Yugoslavia. I am writing both as a private citizen and in my capacity
as Chairman of the Department of Slavic Languages at the University of North Carolina.
Although the views I express in this letter are my own, they are shared by the majority of
scholars in my field of expertise, and, more importantly, they have their origins in my more
than twenty years of professional activity as a specialist in Balkan linguistics with a
concentration on Macedonian and other languages spoken in Macedonia.

Unlike many who have written recently (and in the more distant past) on this question, I am
not tied to the region by bonds of kinship or marriage, but I do speak the relevant languages and
have spent many years both studying the published sources and researching in the country
itself. I am thus intimately familiar with the situation in Macedonia and the feelings of
Macedonians themselves without being personally connected to the issue.

Macedonia meets all the State Department requirements for recognition: its constitution is
based on the rights of the individual citizen, the government has control of its territory, etc.

*страна на Соединетите Американски Држави би испратило еден сигнал на Грција (и на екстремистите во Србија, Бугарија и Албанија) дека Соединетите Американски Држави не го поддржуваат мешањето во внатрешните работи на Македонија и би одиграле голема улога во зачувувањето на мирот и би го спречиле ширењето на војната и сиромаштијата што моментално му се заканува на целиот Балкан. Ве молам од сѐ срце да го превземете овој храбар и неопходен чекор.*

**Искрено,**
**Виктор А. Фридман**
**професор по Славистика и Балканска лингвистика**
**Шеф на катедрата за Словенски јазици**